СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

**Бр. 02-1046/6**
**Скопје, 27.10.2021 година**

Врз основа на член 261 став (4) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/2021) и член 21 став (1) алинеја 14 и 15, а во врска со член 81 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 118/21) и член 25 од Деловникот за работа на Собранието на СКМ, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата **11-та седница**, одржана на ден **27.10.2021** година донесе

**ОДЛУКА**
за усвојување
на **Правилник**
**за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата**

**Член 1**

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата („Службен весник на Република Македонија", бр. 115/17) во член 5 зборот „пријава" се заменува со зборот „барање".

**Член 2**

Прилог бр.2 се заменува со Прилог бр.2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивањето на согласност од министерот за здравство и објава во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Овој правилник ќе се објави и во списанието на Комората и на интернет страницата на Комората.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.

ул „Балзакова" бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk